# ДОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ Б - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

## *II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ*

### *Договор за долгорочен закуп на земјиште*

бр. 154
18.11.2004

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**Бр. 02-12667**
**18.11 2004 година**
**Скопје**

Врз основа на член 24-д од Законот за земјоделско земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 25/98, 18/99 и 2/2004) се склучува

**ДОГОВОР**

**за долгорочен закуп на земјоделско земјиште**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

- Давател на закупот: - Република Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство претставувано од министерот Славко Петров (во натамошен текст закуподавач) и
- Корисникот на закуп **ДПП Диме Скопје ул. Алекса Дундиќ бр. 211 а** (во натамошниот текст: закупец)

**1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

1.1. Предмет на овој договор е давањето под долгорочен закуп на земјоделско земјиште кое закупецот досега го користел во вкупна површина од **668 ха 88 ари 09м$^2$**. (Прилог бр. 1)
1.2. Податоците за земјоделското земјиште од точка 1.1. на овој договор се содржани во прегледот според катастарските податоци од имотниот односно поседовниот лист и се составен дел на овој договор.

**2.НАДОМЕСТ (ЗАКУПНИНА)**

2.1. Закупецот е должен да плаќа закупнина во килограми пченица изразено во денарска противвредност која ќе ја плаќа годишно три еднакви рати и тоа: прва рата во рок од 8 дена од денот на воведувањето во владение, втора рата 6 месеци од воведување во владение и трета рата до крајот на економската година и тоа на:
**300 кгр. пченица за 1 ха земјоделско земјиште**
2.2. Цената на пченицата ќе се утврдува според просечно утврдената откупна цена за реколтата од тековната година.
2.3. Износот на закупнината за тековната година закупецот е должен да ја плаќа најдоцна до 31 декември во тековната година. Надоместокот се уплаќа на сметка на Буџетот на Република Македонија.
Закупецот е должен примерок од уплатницата за платена закупнина да достави до ПЕ на Министерството каде се наоѓа земјиштето.

**3.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

3.1. Договорот за долгорочен закуп се склучува на време од 30 (триесет) години сметано од денот на стапувањето на договорот во сила.
3.2. Овој договор може да се користи како доказ за располагање со земјоделско земјиште за реализирање на одредени инвестициони проекти во аграрот.

## 4. ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

4.1.Закуподавачот се обврзува записнички да го воведе закупецот во владение за земјиштето од точка 1.2. од овој договор.
4.2. Закупецот се обврзува земјиштето од точка 1.2. на овој договор да го користи за земјоделско производство.
4.3.Закупецот не смее земјоделското земјиште од точка 1.2. на овој договор да го дава во подзакуп.
4.4.Закупецот е должен земјоделското земјиште трајно да го обележи со фиксни белези и да го користи за земјоделско производство.
4.5. Закупецот е должен во рок од 3 години од денот на склучување на договорот да воведе сопствена катастарска евиденција за земјиштето од точка 1 на овој договор.
4.6. Закупецот е должен земјоделското земјиште кое е предмет на овој договор, а за кое постои правосилно решение за денационализација да го врати со записник на поранешниот сопственик во присуство на органот за денационализација. Доколку тоа не го направи ќе се применуваат одредбите од Законот за денационализација и Законот за облигациони односи.
4.7.Закупецот е должен најдоцна до 30 мај во тековната година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го достави сеидбениот план;
4.8. Закупецот е должен најдоцна до 30 мај во тековната година, за претходната година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство , да достави доказ од надлежен орган дека ги платил даноците и другите јавни давачки кои произлегуваат од користењето на земјоделското земјиште во сопственост на државата.
4.9. Закупецот е должен материјално-финансовото работење да го води според одредбите на законот.
4.10. Закупецот без дополнителна согласност на закуподавачот може да изврши и пребележба на овој договор во јавните книги за евиденција на недвижности.

## 5. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ДОГОВОРОТ

5.1. Измените и дополнувањата на договорот можат да се вршат само по писмен пат.

## 6. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ ПО СИЛА НА ЗАКОН

6.1. Закуподавачот може еднострано да го раскине договорот во следните случаеви и тоа ако:
- закупецот не ги плати даноците и другите јавни давачки кои произлегуваат од користењето на земјоделското земјиште.
- со правосилно ррешение за денационализација земјоделското земјиште се врати во сопственост на поранешните сопственици во обем според решението
- над закупецот е отворена стечајна или ликвидациона постапка по претходно донесено решение од надлежниот основен суд за престанок на правото на користење и враќање на истото во владение на државата.

## 7. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

7.1. Закуподавачот може еднострано да го раскине договорот во следните случаи ако:
-закупецот земјоделското земјиште не го користи за земјоделско производство.
- закупецот закупнината не ја исплати во дадениот рок во точка 2.1. на овој договор;
- закупецот земјоделското земјиште го издаде во подзакуп;

- врши пренамена во процесот на користење на земјоделското земјиште без согласност на закуподавачот (вади песок, го пошулунува, гради објекти и сл.);
-врз закупецот е отворен стечај;
- Закупецот најдоцна до 30 мај во тековната година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, не достави сеидбен план;
- Закупецот најдоцна до 30 мај во тековната година, за претходната година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, не достави доказ од надлежен орган дека ги платил даноците и другите јавни давачки кои произлегуваат од користењето на земјоделското земјиште во сопственост на државата.
- Закупецот материјално-финансовото работење не го води според одредбите на законот.

**8. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ**

8.1. Престанување и раскинувањето на договорот се соопштува на другата договорна страна по писмен пат со точно назначување на причините за раскинување на договорот.
8.2.Престанувањето и раскинувањето на договорот се дава со отказен рок кој не може да биде пократок од 30 (триесет) дена сметано од денот на давањето на отказот.
8.3. Договорот може спогодбено да престане или да се раскине, доколку договорните страни постигнат согласност за тоа.
8.4. При престанување и раскинување на договорот закуподавачот е должен да води сметка да не настанат материјални последици во однос на прибирање на родот на реколтата.

**9. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ**

9.1. Сите евентуални спорови кои можат да настанат од овој договор страните ќе се обидат да ги решат спогодбено.
9.2. Ако страните не постигнат согласност за спогодбено решавање на спорното прашање, постапката за престанување или раскинување на овој договор ќе се спроведе согласно член 45 од Законот за земјоделско земјиште.

**10. ДЕН НА СКЛУЧУВАЊЕ И СТАПУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ВО СИЛА**

10.1. Договорот е склучен на ден _________2004 година.
10.2. Договорот стапува во сила со денот на воведувањето во владение на закупецот.
10.3. Договорот е составен во 4 (четири )еднообразни примероци од кои по два за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **ЗАКУПЕЦ**<br>**ДПП Диме**<br>**Скопје** | **ЗАКУПОДАВАЧ**<br>**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**<br>**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**<br><br>**Славко Петров** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ

| | Катастарска општина | | површина ха | ари | м2 |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Мездра** | | **100** | **44** | **94** |
| | **Стањевци** | | **279** | **80** | **82** |
| | **Алакинци** | | **106** | **38** | **12** |
| | **Св,Николе** | | **52** | **88** | **86** |
| | **Малино** | | **23** | **42** | **12** |
| | **Сопот** | | **3** | **26** | **73** |
| | | **Вкупно** | **566** | **21** | **59** |
| | Вкупно неизложени листови | | **102** | **66** | **50** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | **668** | **88** | **9** |

## ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ

| Р.б. | Катастарска општина | имотен лист бр. | површина ха | ари | м2 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мездра | 1 | 85 | 90 | 27 |
| 2 | Мездра | 12 | 10 | 56 | 60 |
| 3 | Мездра | 13 | 3 | 98 | 7 |
| | **Вкупно Мездра** | | **100** | **44** | **94** |
| | | | | | |
| 1 | Стањевци | 75 | 11 | 32 | 32 |
| 2 | Стањевци | 438 | 16 | 10 | 27 |
| 3 | Стањевци | 439 | 20 | 84 | 58 |
| 4 | Стањевци | 440 | 13 | 93 | 98 |
| 5 | Стањевци | 441 | 21 | 68 | 67 |
| 6 | Стањевци | 443 | 8 | 84 | 2 |
| 7 | Стањевци | 444 | 11 | 72 | 36 |
| 8 | Стањевци | 447 | 104 | 54 | 51 |
| 9 | Стањевци | 448 | 13 | 39 | 83 |
| 10 | Стањевци | 449 | 7 | 43 | 60 |
| 11 | Стањевци | 450 | 4 | 41 | 53 |
| 12 | Стањевци | 456 | 8 | 10 | 3 |
| 13 | Стањевци | 457 | 13 | 99 | 26 |
| 14 | Стањевци | 459 | 23 | 45 | 86 |
| | **Вкупно Стањевци** | | **279** | **80** | **82** |
| | | | | | |
| 1 | Алакинци | 145 | | 89 | 35 |
| 2 | Алакинци | 147 | 101 | 71 | 52 |
| 3 | Алакинци | 151 | 3 | 77 | 25 |
| | **Вкупно Алакинци** | | **106** | **38** | **12** |
| | | | | | |
| 1 | Св,Николе | 3228 | **52** | **88** | **86** |
| | | | | | |
| 1 | Малино | 53 | **23** | **42** | **12** |
| | | | | | |
| 1 | Сопот | 105 | **3** | **26** | **73** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алакинци неизложени листови | 136 | 5 | 94 | 89 |
| 2 | Стањевци неизложени листови | 123 | 96 | 71 | 61 |
| | Вкупно неизложени листови | | **102** | **66** | **50** |

II

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр.22- 12667/2

13.12. 2011 год
Јуриј Гагарин бр.15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3119 815
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на точка 5 од Договор за долгорочен закуп на земјоделско земјиште бр.02-12667 од 18.11.2004 година, се склучува овој

**АНЕКС - ДОГОВОР**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**
1.Давател на закуп: Република Македонија претставувана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Димовски **(во натамошен текст: закуподавач)**, и
2.Корисник на закуп: ДПП "ДИМЕ" ДОО Скопје ул.Алекса Дундиќ бр.211 а Скопје **(во натамошниот текст: закупец).**

**ПРЕДМЕТ НА АНЕКС ДОГОВОРОТ:**
Предмет на Анекс - договорот е изземање на дел од земјоделското земјиште предмет на основниот договор за закуп опишано како КПбр.1160/1, мв.Длги рид, култура нива, класа 4, со површина од 6ха 05ар 32м2, евидентирана на Имотен лист бр.601 за КО Свети Николе по основ на трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на државна планска документација за изградба на бензиска пумпна станица и услужен центар на регионален пат Р-201, и тоа:

Во точка 1.1 од договорот, зборовите " вкупна површина од 668ха 88ари 09м2" се заменува со зборовите **"вкупна површина од 662ха82ар77м2".**

Овој Анекс - Договор бр.3 е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четири) за закуподавачот и 2 (два) за закупецот.

Анекс - Договорот е склучен на ден ________. 2011 година и е составен дел на Основниот договор **бр.02-12667 од 18.11.2004** година

| **Закуподавач** | **Закупец** |
|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство | ДПП "ДИМЕ" ДОО |
| **Министер,**<br>**Љупчо Димовски** | **Илија Павличковски** |

Изготвил: Сашко Стојчевски
Контролирал: Сиљан Новески
Одобрил: Ненад Богичевиќ

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
бр.22-12667/3
07.06.2012 год.
Јуриј Гагарин 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3119 815
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 32 став 4 и став 5; член 35 став 1 алинеја 4 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11 и 148/11); точка 4.6 и 5.1 од Основниот договор за закуп на земјоделско земјиште бр.02-12667 од 18.11.2004 година; Анекс – договор бр.22-12667/2 од 13.12.2011 година; Записник за воведување во владение бр.08-268/1/1 од 27.09.2005 година и приложени имотни листови со запишано право на сопственост на физички лица за КО Стањевци и КО Свети Николе, се склучува овој

## АНЕКС ДОГОВОР БР.2

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1.Давател на закупот: Република Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставувано од министерот Љупчо Димовски **(во натамошен текст: закуподавач),** и

2.Корисник на закуп: ДПП "ДИМЕ" ДОО ул.Алекса Дундиќ бр.211а Скопје (**во натамошниот текст: закупец**).

**Член 1**

Во точка 1.1. од договорот, зборовите "вкупна површина од 662ха 82ар 77m²" се заменува со зборовите "**вкупна површина од 644ха 73ар 92m²**".

**Член 2**

Податоците за земјоделското земјиште кое се иззема од точка 1.1. на овој договор по катастарски параметри се наведени во следниот преглед:"

| Р. бр | КАТАСТАРСКА ОПШТИНА | МЕСТО ВИКАНО | И.Л. бр. | К.П. бр. | КУЛТУРА | К.К | ПОВРШИНА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1. | Стањевци | Поглед | 440 | Дел 794 | нива | 5 | 0 | 64 | 05 |
| 2. | Стањевци | Бунариште | 441 | Дел 2315 | нива | 4 | 0 | 77 | 50 |
| 3. | Стањевци | Говедарски рид | 447 | Дел 2224 | нива | 6 | 9 | 31 | 55 |
| 4. | Стањевци | Ливади | 448 | Дел 2273 | нива | 5 | 0 | 57 | 98 |
| 5. | Стањевци | Зидини | 450 | Дел 615 | нива | 5 | 0 | 5 | 98 |
| 6. | Стањевци | Широко поле | 457 | Дел 2449 | нива | 3 | 0 | 99 | 02 |
| 7. | Стањевци | Стари лозја | 459 | Дел 1840 | нива | 6 | 1 | 46 | 05 |
| 8. | Свети Николе | Длги рид | 3597 | Дел 1155 | нива | 3 | 1 | 66 | 04 |
| 9. | Свети Николе | Длги рид | 3540 | Дел 89/1 | нива | 4 | 2 | 60 | 68 |
| **Се вкупно:** | | | | | | | **18** | **08** | **85** |

**Член 3**

Точката 2.1. од договорот се менува и гласи: "Закупецот е должен да плаќа годишна закупнина во вкупен износ од 193.422 кгр.пченица **(стодеведесет и три илјади четиристотини дваесет и два кгр.пченица)**, за вкупната површина од точка 1.1. од договорот".

**Член 4**

Закупецот, примерок од Основниот договор за закуп, Анекс договор за закуп, записникот за воведување во владение и геодетскиот елаборат доставува до Агенцијата за катастар на недвижности заради негово прибележување.

**Член 5**

Овој Анекс договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 4 (четири) за закуподавачот и 2 (два) за закупопримачот.

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Член 6**

Анекс-Договорот е склучен на ден 07.06 2012 година и е составен дел на Основниот договор **бр.02-12667.**

| **ЗАКУПОДАВАЧ** | **ЗАКУПЕЦ** |
|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство | **ДПП "ДИМЕ" ДОО** |
| **Министер,**<br>**Љупчо Димовски** | **Илија Павличковски** |
| ____________________ | ____________________ |

Изработил: Ѓорѓе Дишленковиќ

Контролирал: Владимир Столевски

Одобрил: Ненад Богичевиќ

ДПП ДИМЕ ДОО Скопје

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
бр. 17 - 6278/2
28.09.2017 год.
Аминта Трети 2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3119 815
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 166/1472/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), точка 5.1. и точка 6.1. алинеја 2 од Договорот за долгорочен закуп на земјоделско земјиште бр.02-12667 од 18.11.2004 година, Анекс договор под бр.22-12667/2 од 13.12.2011 година и Анекс договор бр.2 под бр.22-12667/3 од 07.06.2012 година, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го склучува овој

**АНЕКС ДОГОВОР БР.3**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1.Закуподавач: Република Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставувано од министерот Љупчо Николовски **(во натамошен текст: закуподавач)** и

2.Закупец: ДПП "ДИМЕ" ДОО ул.Алекса Дундиќ бр.211а Скопје, застапувано од управителот Илија Павличковски, едб/4030992159740 **(во натамошниот текст: закупец).**

**Член 1**

Анекс договорот се склучува заради намалување на површината предмет на договорот согласно Имотен лист бр.744 за КО Стањевци, Имотен лист бр.734 за КО Стањевци и Уверение за историски преглед на извршените запишувања за КПбр.2464/1 за КО Стањевци за спроведено Решение за физичка делба ВПП1бр.8/12 од 31.05.2012 година на Основниот суд Свети Николе.

**Член 2**

Со овој анекс договор се иззема површина од 3510м2 од поранешна КПбр.2464/1 во КО Стањевци која сега е запишана како КПбр.2464/2, мв.Широко поле, катастарска култура нива, катастарска класа 3, во Имотен лист бр.744 за КО Стањевци во сопственост на Стојка Нанева од с.Стањевци Свети Николе и КПбр.2464/1, мв.Широко поле, катастарска култура нива, катастарска класа 3, со површина од 93899м2, запишана на Имотен лист бр.734 за КО Стањевци во сопственост на Република Македонија која закупецот ДПП "ДИМЕ" ДОО Скопје продолжува да ја користи согласно договорот.

**Член 3**

Во точката 1.1. од Договорот за долгорочен закуп на земјоделско земјиште бр.02-12667 од 18.11.2004 година **(во натамошниот текст: основен договор)**, зборовите: "површина од 644ха 73ар 92м2" се заменуваат со зборовите: **"површина од 644ха 38ар 82м2."**

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Член 4**

Точката 2.1. од Основниот договор се менува и гласи: "Закупецот е должен да плаќа годишна закупнина во вкупен износ од **193.317 кгр.пченица (сто деведесет и три илјади тристотини и седумнаесет килограми пченица)**, за вкупната површина од точката 1.1. од договорот".

**Член 5**

Закупецот доставува до Агенцијата за катастар на недвижности примерок од Анекс - договорот заради негово прибележување.

**Член 6**

Анекс - договорот е склучен на ден ___________2017 година и е составен дел на Основниот договор **бр.02-12667.**

**Член 7**

Овој Анекс - договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 4 (четири) за закуподавачот и 2 (два) за закупопримачот.

| **ЗАКУПОДАВАЧ** | **ЗАКУПЕЦ** |
|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство | ДПП "ДИМЕ" ДОО |
| **Министер,**<br>**Љупчо Николовски** | **Управител,**<br>**Илија Павличковски** |

Изготвил: Ненад Богичевиќ
Контролирал: Васил Ристески
Одобрил: Аднан Алии

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат:
СТ-16/3-023

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр.17 – 6354/2
04.07.2018 год.

Ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 32 став 4 и став 5 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 166/1472/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16) и точка 5.1 од Договорот за долгорочен закуп на земјоделско земјиште под бр.02-12667 од 18.11.2004 година, Анекс - договор под бр.22-12667/2 од 13.12.2011 година, Анекс – договор бр.2 под бр.22-12667/3 од 07.06.2012 година и Анекс – договор бр.3 под бр.17-6278/2 од 28.09.2017 година, се склучува овој

## АНЕКС ДОГОВОР БР.4

### ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.Закуподавач: Република Македонија-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставувано од министерот Љупчо Николовски (во натамошен текст: закуподавач), и
2.Закупец: ДПП ДИМЕ ДОО седиште ул.Алекса Дундиќ бр.211а Скопје, едб/4030992159740, ембс/4442067 застапувано од управител Илија Павличковски (во натамошниот текст: закупец).

### Член 1

Анекс - договорот се склучува заради усогласување на површината и на податоците за земјоделското земјиште предмет на договорот согласно Геодетски елаборат за КО Мездра бр.10-25/1 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Стањевци бр.10-25/2 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Стањевци бр.10-25/2-2 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Свети Николе вон бр.10-25/3 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Алакинци бр.10-25/4 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Алакинци – Анекс за КПбр.478/1 и КПбр.53/2 бр.10-25/4 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Милино бр.10-25/5 од 11.01.2013 година, Геодетски елаборат за КО Милино – Анекс за КПбр.1250/4 и КПбр.1265 бр.10-25/5 од 11.01.2013 година и Геодетски елаборат за КО Сопот бр.10-25/6 од 11.01.2013 година изработени од ГЕОМЕТАР ПРО.ИНГ. ДОО Свети Николе.

### Член 2

Во точката 1.1. од Договорот за долгорочен закуп на земјоделско земјиште бр.02-12667 од 18.11.2004 година (во натамошниот текст: основен договор), зборовите "вкупна површина од 644ха 38ар 82m$^2$" се заменува со зборовите "вкупна површина од 633ха 66ар 64m$^2$".

### Член 3

Податоците за земјоделското земјиште од точката 1.1. на овој договор се содржани во табеларниот преглед според катастарските податоци од имотните листови за наведените катастарски општини.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

[redacted]

| Р. бр | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1 | Мездра | Крш | 1 | 75 | нива | 4 | 6 | 57 | 80 |
| 2 | Мездра | Крај džаде | 1 | 79/1 | нива | 3 | 5 | 64 | 64 |
| 3 | Мездра | Крај џаде | 1 | 158 | нива | 3 | 4 | 54 | 14 |
| 4 | Мездра | Крај џаде | 1 | 164 | нива | 3 | 1 | 69 | 99 |
| 5 | Мездра | Крај џаде | 1 | 167 | нива | 3 | 4 | 71 | 54 |
| 6 | Мездра | Крш | 1 | 168 | нива | 4 | 17 | 66 | 45 |
| 7 | Мездра | Крш | 1 | 168 | нива | 4 | 3 | 76 | 35 |
| 8 | Мездра | Крш | 1 | 173 | нива | 4 | 11 | 16 | 81 |
| 9 | Мездра | Долги рид | 1 | 193 | нива | 4 | 1 | 98 | 38 |
| 10 | Мездра | Герен | 1 | 93 | пасиште | 4 | 4 | 05 | 23 |
| 11 | Мездра | Долги рид | 1 | 176/1 | нива | 4 | 1 | 00 | 50 |
| 12 | Мездра | Лозја | 12 | 37/1 | нива | 3 | 10 | 56 | 31 |
| 13 | Мездра | Крш | 13 | 42/1 | ливада | 4 | 1 | 45 | 44 |
| 14 | Мездра | Крш | 13 | 42/2 | ливада | 4 | 1 | 54 | 80 |
| 15 | Мездра | Крш | 13 | 42/3 | ливада | 4 | 0 | 66 | 16 |
| 16 | Мездра | Крш | 13 | 42/4 | ливада | 4 | 0 | 31 | 96 |
| 17 | Мездра | Крш | 16 | 44/1-дел | нива | 3 | 10 | 82 | 91 |
| 18 | Мездра | Крш | 29 | 49-дел | нива | 4 | 13 | 79 | 45 |
| Се вкупно: | | | | | | | 101 | 98 | 86 |

| Р. бр | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1 | Стањевци | Под Велетин | 75 | 1391/1 | нива | 6 | 2 | 53 | 74 |
| 2 | Стањевци | Ливади | 75 | 2121 | нива | 5 | 8 | 29 | 62 |
| 3 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2454 | нива | 3 | 13 | 07 | 77 |
| 4 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2458 | нива | 3 | 9 | 18 | 51 |
| 5 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2460 | нива | 3 | 10 | 97 | 03 |
| 6 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2462 | нива | 3 | 12 | 88 | 56 |
| 7 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2466 | нива | 3 | 7 | 43 | 16 |
| 8 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2468 | нива | 3 | 12 | 53 | 66 |
| 9 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2472 | нива | 3 | 7 | 13 | 51 |
| 10 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2474 | нива | 3 | 4 | 25 | 23 |
| 11 | Стањевци | Широко поље | 123 | 2481 | нива | 3 | 9 | 45 | 29 |
| 12 | Стањевци | Рамниште | 438 | 1681-дел | нива | 5 | 15 | 97 | 75 |
| 13 | Стањевци | Рамниште | 439 | 1272-дел | нива | 5 | 20 | 84 | 44 |
| 14 | Стањевци | Поглед | 440 | 794/1 | нива | 5 | 8 | 65 | 81 |
| 15 | Стањевци | Поглед | 440 | 794/1 | нива | 6 | 4 | 71 | 43 |
| 16 | Стањевци | Бунариште | 441 | 2315-дел | нива | 4 | 20 | 93 | 31 |
| 17 | Стањевци | Под вртача | 443 | 2179-дел | нива | 6 | 8 | 83 | 34 |
| 18 | Стањевци | Валетин | 444 | 932/1 | нива | 5 | 12 | 16 | 47 |
| 19 | Стањевци | Говедарски рид | 447 | 2224/1-дел | нива | 6 | 97 | 63 | 78 |
| 20 | Стањевци | Ливади | 448 | 2273/1 | нива | 5 | 13 | 63 | 40 |
| 21 | Стањевци | Трпеза | 449 | 2326 | нива | 5 | 7 | 42 | 86 |
| 22 | Стањевци | Зидини | 450 | 615/1-дел | нива | 5 | 2 | 90 | 71 |
| 23 | Стањевци | Русини | 456 | 2157/1-дел | нива | 5 | 8 | 09 | 50 |
| 24 | Стањевци | Широко поље | 457 | 2449 | нива | 3 | 11 | 22 | 50 |

 [redacted]

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Стањевци | Стари лозја | 459 | 1840-дел | нива | 6 | 22 | 00 | 92 |
| 26 | Стањевци | Широко поље | 734 | 2464/1 | нива | 3 | 9 | 38 | 99 |
| Се вкупно: | | | | | | | 362 | 21 | 29 |

| Р. бр | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1 | Свети Николе | Длги рид | 801 | 1160/1 | нива | 4 | 6 | 05 | 06 |
| 2 | Свети Николе | Длги рид | 3228 | 86/1 | нива | 4 | 10 | 18 | 14 |
| 3 | Свети Николе | Длги рид | 3228 | 92/1 | нива | 4 | 9 | 59 | 29 |
| 4 | Свети Николе | Длги рид | 3228 | 94/1 | нива | 5 | 6 | 29 | 53 |
| 5 | Свети Николе | Брегово | 3228 | 202 | нива | 4 | 3 | 27 | 22 |
| 6 | Свети Николе | Длги рид | 3228 | 1156 | нива | 4 | 1 | 02 | 96 |
| 7 | Свети Николе | Длги рид | 3228 | 1161 | нива | 3 | 1 | 00 | 08 |
| 8 | Свети Николе | Длги рид | 3228 | 1165/1 | нива | 4 | 1 | 47 | 44 |
| 9 | Свети Николе | Длги рид | 3540 | 89/1 | нива | 4 | 9 | 00 | 66 |
| 10 | Свети Николе | Длги рид | 3597 | 1155-дел | нива | 3 | 1 | 44 | 88 |
| Се вкупно: | | | | | | | 49 | 35 | 26 |

| Р. бр | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1 | Алакинце | Стари лозја | 145 | 478/2 | нива | 5 | | 89 | 92 |
| 2 | Алакинце | Стари лозја | 147 | 478/1-дел | нива | 5 | 37 | 50 | 24 |
| 3 | Алакинце | Азмак | 147 | 1185 | нива | 5 | 55 | 12 | 13 |
| 4 | Алакинце | Побиен камен | 151 | 162-дел | нива | 6 | 3 | 77 | 25 |
| Се вкупно: | | | | | | | 97 | 29 | 54 |

| Р. бр | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1 | Малино | Семенски рид | 53 | 1250/4-дел | нива | 5 | 7 | 15 | 60 |
| 2 | Малино | Солен вир | 53 | 1256-дел | нива | 4 | 12 | 38 | 70 |
| Се вкупно. | | | | | | | 19 | 54 | 30 |

| Р. бр | Катастарска Општина | Место Викано | И.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | m² |
| 1 | Сопот | Широк герен | 105 | 87 | нива | 4 | 3 | 27 | 39 |
| Се вкупно: | | | | | | | 3 | 27 | 39 |

Член 4

Закуподавачот, Анекс - договорот го доставува до Агенцијата за катастар на недвижности заради негово прибележување.

Член 5

Овој Анекс - договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четири) за закуподавачот и 2 (два) за закупецот.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО [redacted]

Член 6

Анекс - договорот е склучен на ден __________ 2018 година и е составен дел на Основниот договор бр.02-12667.

| ЗАКУПОДАВАЧ | ЗАКУПЕЦ |
| --- | --- |
| Република Македонија<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | ДПП ДИМЕ ДОО |
| Министер<br>Љупчо Николовски | Управител<br>Илија Павличковски |

Изработил: Ненад Богичевиќ
Контролир: Сиљан Новески
Согласен: Аднан Алии

Јас, НОТАР Јадранка Коцевска
ул. „Ленинова" бр 14

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Анекс договор бр.4 број 17-6354/2 од 04.07.2018 издаден од РМ МЗШВ

Напишан е со други механички средства (фотокопија), кој има 1 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Стојан Величков ул.Јане Сандански бр.57-20, Свети Николе

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 200.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200.00 денари.

Број УЗП 5529/2018

Во Свети Николе 01-10-2018

Нотар
Јадранка Коцевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЈАДРАНКА КОЦЕВСКА
СВЕТИ НИКОЛЕ

| РБ | Локација | Опасни суровини | Локација |
|---|---|---|---|
| 1. | Котлара | Природен гас | N42.013413<br>E21.261524 |
| 2. | Трафостаница | Електрична енергија | N42.013297<br>E21.261538 |
| 3. | Лабараторија | Разни видови на хемикалии | N42.013478<br>E21.261403 |
| 4. | Подстаница за гас | Природен гас | N42.013620<br>E21.261364 |
| 5. | Таложник | Отпадна вода | N42.013497<br>E21.261373 |




*Сателистска снимка на локација на котлара,подстаница за природен гас, трафостаница , лабораторија и таложник*

## *V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД*




Локација со координати на отпадни места во инсталацијата

Во продолжение направени се корекции на локација на отпадна вода, како и локација на мерно место за отпадна вода.

## *VII ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА*




*Сателитска снимка со локација за испуст на отпадни води*

## *XI ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ*

### Отпадни води

| Ознака на испуст | Параметар | Фреквенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метода на анализа/техника |
|---|---|---|---|---|
| **D1** | Суспендирани материи | 1 х годишно | MKS ISO 11923:2007 | MKS ISO 923:2007 |
| | $БПК_5$ | 1 х годишно | MKS ISO 1899-1, 2:2007 | MKS ISO 1899-1, 2:2007 |

| Референтни точки: | Национален координатен систем |
|---|---|
| **D 1:** | N42.013497<br>E21.261373 |




*Локација на мерно место за мониторинг на отпадни води*

ДПП ДИМЕ ДОО Скопје


## *XVI ИЗЈАВА*

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник бр.53/05) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

**Потпишано од :** ДПП ДИМЕ ДОО  
*(во името на организацијата)*

Датум :- 29.03.2022

**Име на потписникот** : Илија Павличковски

**Позиција во организацијата:** Управител

*Печат на компанијата:*

ДИМЕ ДОО увоз-извоз Скопје